**Опис на работни задолженија**

**Консултант/ка за развој на Стратешки план на Акција Здруженска**

**за период 2025-2027 година**

## 1. Вовед

Акција Здруженска е национална организација чија мисија е унапредување на родовата еднаквост преку застапување за развој и примена на јавни политики за постигнување еднакви можности за жените и мажите, социјална инклузија и почитување на правата на жените.

Организацијата работи на: Промовирање на култура на родова еднаквост и недискриминација; Промовирање на одговорно, транспарентно и отчетно владеење на полето на родовата еднаквост и правата на жените; Зајакнување и поддршка на женскиот активизам; Градење на капацитети и интензивирање на јавната дебата, дијалог и соработка за прашањата поврзани со родовата еднаквост и правата на жените.

Од основањето во 2004, програмските интервенции на организацијата се дизјанирани во два сета на активности кои придонесуваат кон две клучни промени: а) правната и политичката рамка за родова еднаквост и заштита на правата на жените се соодветни и целосно спроведувани од страна на националните и локалните владини институции; и б) активистките за женски човекови права и жените од локалните заедници се зајакнати да ги држат властите отчетни.

Врз основа на постигнувањата од реализацијата на претходната стратегија, Акција Здруженска планира да ангажира консултант/ка во поддршка на процесот на подготовка на стратегијата на организацијата кој го опфаќа периодот 2025-2027 година.

## 3. Цели и опсег на ангажманот

Целта на ангажманот е водење и фацилитирање на сеопфатен и партиципативен процес на планирање кој ќе и овозможи на организацијата:

- да ги утврди приоритетите и да ги артикулира промените и патеките за зајакнување на нејзиното влијание врз состојбата со родовата еднаквост и човековите права на жените;
- да осигури одржливост на нејзиниот мандат како учесничка и активен поддржувач на женското движење; и
- да ги зајакне организациските капацитети и партнерствата преку стратешки ангажман со различни заинтересирани страни.

Стратешкиот процес ќе вклучи:

- Контекстуална анализа на политичките, социо-економските, технолошките трендови вклучувајќи го и контекстот на финансирањето на граѓанските организации кои работат во областа на родовата еднаквост и човековите права на жените, а кои имаат или би можеле да имаат влијание на работењето на АЗ со предлог пристапи за адаптација.
- Анализа на документи со препораки од спроведени проценки на резултатите и внатрешните системи за управување и отчет, и други релевантни документи на организацијата од важност за процесот на планирање на организацијата
- Консултации со конституентите, клучните целни групи и релевантните засегнати страни заради детектирање на потреби и приоритетни насоки за подобро позиционирање на организацијата во динамичен контекст.
- Водење на стратешка работилница надвор од Скопје и развој на теоријата на промени која ќе ги определи областите на влијание, исходите, целната популација и патеките за остварување на стратешките цели на организацијата
- Изработка на стратешки план кој ќе ја инкорпорира теоријата на промени, импликациите од дизајнот на стратегијата врз внатрешната структура и процесите на организацијата и потребните прилагодувања и ресурси, вклучувајќи и план за акција кој овозможува следење и оценување на напредокот во спроведувањето на стратегијата и остварување на резултатите.

**5. Времетраење на ангажманот**

Овој ангажман предвидува 18 работни дена во периодот 20 Октомври – 20 Декември 2024

**6. Задачи**

- Изработка на воведен извештај со предлог методологија и работен план
- Спроведување на интервјуа и фокус групи со клучни заинтересирани страни за идентификација на стратешки и програмски приоритети
- Подготовка на заднински документ со клучни наоди од анализа на надворешниот и внатрешниот контекст на организацијата (15 ноември)
- Подготовка на програма и спроведување на тридневна стратешка работилница (втора половина од ноември)
- Изработка на нацрт стратешки документ со план за акција на македонски јазик (15 декември)
- Финализација на документот врз основа на повратна информација од АЗ (20 декември)

**7. Потребна експертиза и квалификации**

- Високо образование во областа на организацискиот развој, општествени и хуманистички науки, менаџмент, развојни студии или друго соодветно на нив;
- Познавање на состојбата со родовата еднаквост и човековите права на жените и женското движење;
- Најмалку 5 годишно искуство во поддршка на партиципативни процеси на планирање на развојни програми, стратешки планови на граѓански организации, особено оние со програмски фокус на женски човекови права и родова еднаквост;
- Експертиза и претходно искуство во развој на теорија на промени, пристапи на учество и ангажмани на учесниците;
- Одлични аналитички и комуникациски вештини
- Одлично познавање на а) Англиски јазик и б) Македонски јазик.

**8. Содржина на понудата и краен рок за поднесување**

- Изјава за интерес со кус осврт на клучните квалификации за спроведување на ангажманот;

- Професионална биографија со работно искуство релевантно за повикот;

- Кратка содржина на предлогот за спроведување на ангажманот, во согласност со описот на работните задачи;

- Финансиски предлог за ангажманот. Финансиската понуда треба да вклучи вкупен износ на надоместокот со вклучен персонален данок. Договорениот консултант/ка не може да ги пренесе обврските поврзани со ангажманот на трети лица. Патните и трошоците за сместување ќе бидат покриени од Акција Здруженска;

- Најмалку 3 референци за претходни ангажмани слични на описот на работните задачи од овој повик со контакти со конкретни стратешки планови, доколку се јавно достапни.

**9. Начин на плаќање**

Плаќањето на надоместокот за извршената работа ќе биде реализирано по извршување на ангажманот.

**Понудата треба да биде испратена најдоцна до 11 Октомври 2024 на електронската пошта на Акција Здруженска zdruzenska@t.mk. За било какви прашања и појаснувања контактирајте ја Соња Хаџи Николов на следниот мејл:** sonja.hadjinikolov@zdruzenska.mk.